РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Уп1 Бр.08-52

Скопје 17.02.2017г.


**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**
**Република Македонија**

**Тел. + 389 2 3103 400**

**www.avmu.org.mk**
**www.avmu.mk**
**contact@avmu.mk**



МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009


Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 20 став 1 алинеји 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), а согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр. 08-52 од 15.02.2017 година, на д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата, а согласно Заклучокот, бр.02-814/6 од 16.02.2017 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 7-та седница одржана на 16.02.2017 година, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување

СЕ ЗАПИРА покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола, бр.08-88 од 05.01.2015 година.

## О б р а з л о ж е н и е

Во согласност со одредбите од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16), радиодифузерите се должни да го платат годишниот надоместок за секоја тековна година почнувајќи од датумот на доделување на дозволата за телевизиско или радио емитување во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата.

Во врска со погоренаведеното, а во однос на надоместокот за доделената дозвола за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола, бр.08-88 од 05.01.2015 година, Агенцијата на 05.01.2017 година, му доставила фактура за надоместокот за дозволата за радио емитување бр.2017-100-0074 (наш арх.бр.05-142/1), со која радиодифузерот имал обврска да плати 43.230,00 (четириесетитриилјади идвестеитриесет) денари, за годишен надоместок за дозвола за радио емитување, за периодот од 05.01.2017 година заклучно со 04.01.2018 година. Во Агенцијата е доставена повратница од Македонска пошта дека фактурата била уредно примена на 09.01.2017 година.

По извршениот редовен административен надзор, во Извештајот бр.05-740/1 од 10.02.2017 година, беше констатирано дека радиодифузерот во законскиот рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата, не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Законскиот рок за плаќање на фактурата бр.2017-100-0074 (наш арх.бр.05-142/1) беше 08.02.2017 година, во кој рок радиодифузерот не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување.

Согласно погоренаведеното, Советот на Агенцијата на 6-та седница одржана на 13.02.2017 година, со Заклучок, бр.02-747/4 од 13.02.2017 година, го усвои предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-52 од 10.02.2017 година и покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола, бр.08-88 од 05.01.2015 година. Во врска со тоа, од страна на Агенцијата на ден 13.02.2017 година, до погоренаведениот радиодифузер беше испратен допис УП1 бр.08-52 од 13.02.2017 година, со кој беше известен дека доколку не го плати во целост годишниот надоместок за дозволата за радио емитување, Советот на Агенцијата најдоцна во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за радио емитување.

На ден 15.02.2017 година до Директорот на Агенцијата, од страна на Секторот за правни и економско-финансиски работи, Одделение за економско – финансиски работи на Агенцијата, доставено е Известување, УП1.бр.08-52, дека Трговското радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола, на 13.02.2017 година изврши уплата во износ од 19.230,00 (деветнаесетилјадиидвестеитриесет) денари и на 14.02.2017 година изврши уплата во износ од 24.000,00 (дваесетичетириилјади) денари со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го платил во целост.

Следствено на сето погоре наведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 20 став 1 алинеји 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16), согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), во врска со предлогот Уп1 бр.08-52 од 15.02.2017 година, на д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата, а согласно Заклучокот, бр.02-814/6 од 16.02.2017, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 7-та седница одржана на 16.02.2017 година, одлучи да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата.

Врз основа на погоре наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола;
- управител на Трговското радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола;
- Секторот за информатичка подршка и општи работи – архива;
- Секторот за правни и економско – финансиски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп 1.